Бр. 09 - 1446/2
10 -05- 2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петнаесетта седница одржана на ден 09 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1446/1 од 13.03.2019 година, бидејќи во истиот нема сомневање за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди судир на интереси.

Предметот со број 09-1446/1 од 13.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1446/1 од 13.03.2019 година е оформен врз основа на доставена анонимна претставка во која е наведено дека директорот на една агенција доделил тендер на неговиот кум кој е овластен геодет во приватно трговско друштво.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија констатира дека директорот на агенцијата нема никаков удел во трговското друштво што склучило договор за јавна набавка со агенцијата и исто така, наведеното овластено лице од ова трговско друштво не е блиско лице на директорот на агенцијата, по што Државната комисија констатира дека нема сомневање за постоење на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk